ГРАДИМЕ ПАРТНЕРСТВА
www.pelagonijabiznis.mk

# ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

## Investment guide/Ciceron për investim/Οδηγος επενδυσεων

ГРАДИМЕ ПАРТНЕРСТВА
www.pelagonijabiznis.mk

# ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

## Investment guide/Ciceron për investim/Οδηγος επενδυσεων

# ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

# Почитувани инвеститори,

**ПЕЛАГОНИЈА** означува срдечност кон инвеститорите во Пелагонискиот регион. Ве уверуваме дека регионот е широко отворен да ги слушне сите идеи за инвестирање и да ги поддржи да бидат успешно реализирани. Успешните инвестиции се и наш успех. За нас тоа е чекор поблиску до исполнување на **визијата:**

Да бидеме регион со брендирана автентичност, со висок квалитет на живеење, перспективна иднина за нашите жители, економски раст и одржлив развој по европски критериуми.

Можностите за инвестирање во регионот се ограничени само од имагинацијата на инвеститорот. Пелагонија е најголемата плодна површина во Македонија која изобилува со бизнис можности во земјоделството и агробизнисот. Регионот има исклучително развиен индустриски сектор и производство на инженерски кадар. Интензивниот подем во континуитет отвора можности за градежништвото. Регионот е енергетското срце на Македонија. Трговијата и услугите постојано се развиваат, вклучително и поддршката за инвеститорите со финансии и современи ИТ решенија. Природното и културното богатство нудат можности за развој на туризмот. Комуникациските врски и инфраструктурата се поволни и постојано се инвестира во нивно подобрување. Тука ќе наидете на институции кои се приемчиви и поддржувачки. И конечно, луѓето во регионот се енергични, образовани, вредни и исклучително пријателски настроени.

**Како можеме да Ви помогнеме?**

Тимот на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион е секогаш подготвен да излезе во пресрет на Вашите специфични барања како инвеститор. Подетално ќе Ве запознаеме со можностите кои ги нуди регионот како целина и поединечно деветте општини во регионот. Кај нас ќе ги добиете сите релевантни информации и поддршка околу исполнување на законските барања. Ќе Ве упатиме на соодветните лица за секоја информација, на тој начин штедејќи го Вашето време и енергија. Нам ни е важно Вие да сте фокусирани на успехот на Вашата инвестициска идеја.

Оваа публикација е Вашиот водич за инвестирање во Пелагонискиот плански регион во Република Македонија. Тука можете да најдете информации за индустриските зони и можностите за инвестирање во деветте општини од Пелагонискиот регион. Дополнително, преку веб порталот **www.pelagonijabiznis.mk** имате можност да ја разгледате личната карта на бизнисот во регионот. Тука ќе најдете регистер на компании кои го носат развојот во Пелагонија но и компании кои се подготвени заедно со Вас да започнат нови инвестиции и да освојат нови пазари.

Ве охрабруваме да нé посетите и се запознаете со можностите што ги нудиме. Штом ќе инвестирате тука, ќе станете дел од нас и од нашата визија. Ве очекуваме.

Искрено Ваш,

Центар за развој на Пелагонискиот плански регион

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ
РЕГИОН

ул. Борис Кидрич бр. 24
7000 Битола, Р.Македонија
Телефон: +389 47 232 800
Факс:+389 47 203 818
info@pelagonijaregion.mk
www.pelagonijaregion.mk

## Основни податоци за Пелагонискиот плански регион

Пелагонискиот регион ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина и зафаќа површина од 4.717 km2 или 19% од територијата на Република Македонија, со што претставува најголем плански регион во земјата. Во регионот живеат 238.136 жители со висока концентрација на населението во градските средини (околу 68%).

Во овој регион влегуваат девет општини со 343 населени места од кои 338 се рурални населби.

- Битола
- Прилеп
- Демир Хисар
- Крушево
- Кривогаштани
- Долнени
- Новаци
- Могила
- Ресен




**Инфраструктурна поврзаност на регионот**

Пелагонискиот регион се наоѓа во близина на:

**·три меѓународни аеродроми:**

- Скопје (околу 180 км)
- Солун, Грција (170 км)
- Охрид (85 км)
-

**две пристаништа:**

- Солун, Грција (170 км)
- Драч, Албанија (200 км)

Регионот е поврзан со добра патна, железничка и телекомуникациска инфраструктура.

**Некои креденцијали на регионот**

- 280,000 хектари плодни површини
- Најголем производител на енергија во земјата
- Долгогодишно искуство во развој на современо земјоделство, индустрија и услуги
- Богато природно и културно богатство и атрактивна туристичка дестинација
- Непосредна близина на Грција, членка на ЕУ, и Албанија, членка на НАТО
- Вредни и срдечни луѓе и посветена општинска администрација
- Универзитетски регион

**Причини за инвестирање во Пелагононија**

- 0% данок на нераспределена добивка
- 10% рамен данок на персонален доход и на распределена добивка – меѓу најниските во регионот
- Пристап до пазар од 650 милиони евра преку Договори за слободна трговија
- Млад, образован и прилагодлив кадар
- Трошоците за работна сила се меѓу најниските во Европа(просечна месечна бруто плата од 490 евра
- Ниски трошоци за закуп или купување на земјиште – во некои локации дури без надомест доколку инвеститорот се обврзе да гради
- Брза и едноставна регистрација на бизнис – на еден шалтер за само неколку часа
- Континуирано поедноставување на процедурите за водење бизнис, вклучително и градба на објекти

Повеќе информации за поволностите за инвестирање во Република Македонија се достапни во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот или преку **www.investinmacedonia.com**

# Општина Битола



Битола

# Податоци за општината

**Местоположба: југозападен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 95,385
- Населени места: 65
- Површина: 792 км2
- Седиште на општината: градот Битола

Во Општина Битола постои диверзифицирана структура на економските активности. Меѓу најразвиените активности се: земјоделство, сточарство, прехранбена, метална и дрвна индустрија, производство на електрична енергија, туризам и угостителство и трговија.

**Некои од ресурсите кои нудат можност за инвестиции се:**

- Пелагонија како голема плодна површина
- Добра суровинска основа за прехранбена и други индустрии
- Непосредна близина со Грција (14 км) и Албанија (45 км)
- Национален парк Пелистер, погоден за зимски и здравствен туризам
- Туристички потенцијал
- Расположлива и квалификувана работна сила

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Виолета Налевска
Тел.: +389 47 208 336
Моб.: +389 71 222 839
E-mail: viki.nalevska@bitola.gov.mk
www.bitola.gov.mk



# МОЖНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ



# Можности за инвестирање во Индустриска зона „Жабени“ Битола

- Цена на земјиштето од само 1 евро за метар квадратен
- 100% ослободување од комунални давачки ако инвеститорот вработи повеќе од 300 лица
- Површина од 244 хектари
- 5 км оддалеченост од границата со Грција
- 9 км одалеченост од градот Битола
- На главниот патен правец М5
- Лоцирана до самата железничка пруга кон Грција
- Пристапност до електрична, водоводна и канализациона мрежа

**Погодна за:**

- Лесна индустрија
- Логистички и дистрибутивни центри
- Трговски центри и супермаркети
- Хотели, Wellness и забавни содржини
- Креативна индустрија (филм, 3Д продукција)

**Досега е покажан голем интерес од инвеститори :**

- Во првата лицитација продадени се 29 парцели од Зоната со површина од 23 хектари
- Продадените парцели се наменети за хотел, фабрика од електро-машинска индустрија, дрвна индустрија, месопреработувачка, конзервна и текстилна
- Инвеститорите се од Германија, Италија, Грција и Македонија

За подетални информации
Јавно претпријатие Индустриска зона Жабени
Тел.: +389 47 208 336
E-mail: zabeni@bitola.gov.mk
www.bitola-business-park.com

МОЖНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

## Можност за изградба и развој на Населба „Златен рид“

- На површина од 103 хектари во централното градско подрачје
- Локација веднаш до железничката и автобуската станица
- Прекрасен поглед кон падините на рекреативното место Тумбе кафе

Предвидени содржини во населбата согласно урбанистичките планови:

- Деловно-трговски центар од 34 хектари
- Спорско-рекреативен центар
- Хотел од висока класа
- 2 хотели од средна класа
- Универзитетски кампус

Досега се купени парцели за инвестиции во хотел, трговски центар и згради од домашни и странски инвеститори.

## Можност за изградба и развој на Туристички центар „Нижеполе“

- Слободна површина од 17 хектари
- Локација на само 4 км од Битола во подножјето на Баба планина
- Близу ски центарот Стрежево
- На надморска висина од 1,100 метри

Предвидени содржини:

- Спортски комплекс со тениско игралиште, миниголф, базен
- Хотелски комплекс
- Ресторани,продавници
- Услужни содржини: пошта, банка, аптека

*Проценетата вредност на потенцијалната инвестиција изнесува 18 милиони евра

## Можност за изградба и развој на Голф комплекс (Resort)

- Вкупна достапна површина од 120 хектари за голф и луксузен сместувачки комплекс
- Лоциран на само 3 км од Битола и на 15 км од Грција
- Поглед кон националниот парк Пелистер и Баба планина
- Инсолација до 300 сончеви денови годишно
- Поволна и разиграна топографија (ридови, езерца, реки)

**Предвидени содржини**

- Терени за голф
- Луксузен хотел
- Ресторани и други угостителски објекти
- Wellness центри
- Услужни содржини:  продавници, банка, пошта



Прилеп

# Општина Прилеп



## Податоци за општината

- Жители: 76,768
- Населени места: 59
- Површина: 1,164 $км^2$
- Седиште на општината: градот Прилеп

**Општина Прилеп има повеќе развиени економски активности како:**

- тутун и тутунска индустрија
- мермер, рударство
- прехранбена индустрија
- текстилна индустрија
- метална и машинска индустрија.

Некои од можностите за инвестирање во Прилеп се поврзани со ресурсите како: традиција на производство на тутун, плодни површини, развиена индустрија, туризам и урбаниот развој на градот.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Винета Ивановска
Тел.: +389 48 401 709
E-mail: ler@prilep.gov.mk
www.prilep.gov.mk



# МОЖНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ



# Можност за инвестирање во Технолошко-индустриска развојна зона Алинци

- Ослободување за период од 10 години од плаќање на данок на добивка и 100% ослободување од персонален данок на доход за период од 10 години, (ефективната стапка на персоналниот данок на доход доход изнесува 0%).
- Земјиште на долгорочен закуп за период до 99 години
- Ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште како и од надоместоци за добивање на градежни дозволи
- Бесплатен приклучок за гасовод, водоводна и канализациона мрежа
- Владата на Република Македонија учествува во трошоците за градба на корисниците во ТИРЗ во висина до 500.000 евра, во зависност од бројот на нови вработувања и висината на инвестицијата на корисникот.
- Царински зелен канал за стоките
- Достапна површина од 67.5 хектари во прва фаза
- Дополнителни 35.7 хектари достапни во втора фаза
- 13 засебни парцели
- На патниот правец М5 (Прилеп – Битола)
- Пристапност до електрична, водоводна и канализациона мрежа
- Погодна за индустриски капацитети

Повеќе информации за оваа зона се достапни во:
Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони
Тел. +389 2 3 111 166
E-mail: info@fez.gov.mk
www.fez.gov.mk



## Можност за инвестирање во изградба и управување со Автобуска станица со деловен простор во Прилеп

- Вкупна површина 4,366 м2
- Површина за градба 412 м2
- Приземје и кат
- 6 паркинг места за автобуси
- Деловни објекти
- Лоцирана во близина на железничка станица во градот Прилеп



## Можност за инвестирање во изградба и управување со Трговски центар

- Површина 32.000 м2
- Во близина на железничка и автобуска станица во градот Прилеп
- Со добра сообраќајна и инфраструктурна поврзаност

## Можност за изградба и развој на населба „Градина”

● Можност за инвестирање во изградба и развој на Населба „Градина“
● Лоцирана во северо-источниот дел на Прилеп
● На 3 км од центарот
● Одлична инфраструктура
● Наменета за инвестиции во изградба на резиденцијални објекти
● Површина 220.000 м2, од кои 10% за деловни објекти и 15% за спорт и рекреација
● Земјиште во сопственост на РМ



## Можност за инвестирање во развој на Селски туризам во село Манастир - Мариово

● Лоцирано во Мариово, еден од наубавите региони во Македонија
● Прекрасен пејзаж близу Црна река
● Предвидени се инвестиции во градба на типски објекти во парцели од 144 м2 наменети за туризам





# Податоци за општината

**Местоположба: југозападен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 16,825
- Населени места: 44
- Површина: 739 км2
- Седиште на општината: градот Ресен

Главна дејност во Ресен е земјоделството, а особено производството на јаболко.
Останати присутни дејности се: туризам и угостителство,кондиторска индустрија,текстилна индустрија и металопреработувачка.

Некои ресурси кои овозможуваат инвестиции се: традиција на производство на јаболко, Преспанското езеро, два национални паркови Галичица и Пелистер и позитивните трендови во развој на селски и планински туризам.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Ајман Ал Малла
Тел.: +389 47 551 763
E-mail: ajman.almalla@resen.gov.mk
www.resen.gov.mk





## Можности за инвестирање во Индустриска зона Макази

- Цена од 1 евро за метар квадратен
- Слободна површина од 150 хектари
- На патот Битола – Ресен, на неколку километри пред влезот во градот Ресен
- Пристапност до електрична, водоводна и канализациона мрежа

**Погодна за:**

- Откупни и дистрибутивни центри со разладни системи, калибрација итн.
- Магацини за јаболка и други производи
- Преработувачки капацитети за овошје и зеленчук
- Капацитети за компостирање на отпадно јаболко
- Лесна индустрија

### Можност за развој на т.н Финско село во село Долно Дупени

- Површина од 15 хектари
- Целосно урбанизирана површина

**Предвидени содржини:**

- Хотели
- Ресторани
- Домување од мал обем
- Терени за спорт и рекреација
- Паркинг

### Можности за развој на туристички и угостителски капацитети во селата Претор, Стење, Коњско и други туристички локалитети

- Терени за спорт и рекреација
- 20,000 посетители во Преспа во викенди во летниот период (2010 година)

# Можности за инвестирање во Индустриска зона Преспатекс

- Цена од 1 евро за метар квадратен
- Вкупна површина од 24 хектари
- Слободна површина за нови инвестиции од околу 3 хектари (на остатокот постојат приватни објекти)
- Лоцирана во градот
- Обезбедена инфраструктура
- Детален урбанистички план во процедура

**Погодна за лесна индустрија. Постојните објекти се користат за слични намени:**

- Складирање
- Текстилна конфекција
- Производство на сокови

**Можност за купување или (траен) закуп на Откупен центар**

- Површина 6 хектари
- На самиот пат Битола - Ресен
- Постои детален урбанистички план вон населено место
- Пристапност до инфраструктура
- Земјиштето во сопственост на државата, со право на управување на Општина Ресен

**Погодно за наменски објекти поврзани со јаболко како:**

- Откупни и дистрибутивни центри
- Магацини, вклучително ладилници
- Капацитети за преработка на јаболко



# општина Демир Хисар



Демир Хисар

# Податоци за општината

**Местоположба: западен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 9,497
- Населени места: 41
- Површина: 480 км2
- Седиште на општината: градот Демир Хисар

Главна дејност во Демир Хисар е земјоделството, особено производство на тутун и градинарство. Останати дејности се: метална и машинска индустрија, трговија и транспорт.

**Некои ресурси кои овозможуваат инвестиции во општината се:**

- реката Црна
- богатство со шуми (даб и бука)
- богатство на дивеч (лов)
- риболов
- шумски плодови (печурки, боровинка, смрека, лековити билки и др.)
- традиционално производство на ќумур и вар
- атрактивни манастири и природни убавини.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Мише Милошевски
Тел.: +389 47 552 661
Моб.: +389 71 235 532
E-mail: misedh@t-home.mk



## Можности за инвестирање во Индустриска зона Демир Хисар

- Површина 25,6 хектари
- 56 засебни парцели
- Лоцирана на регионалниот пат Р-416 Битола – Кичево, на 1 км од Демир Хисар
- Пристапност на електрична, водоводна и канализациона мрежа

**Погодна за:**

- Индустриски капацитети
- Собирни пунктови за природни суровини
- Агро-преработувачки капацитети
- Магацински простори
- Деловно-административни згради

# Можности за користење на неколку објекти во општинска сопственост за деловни цели:

**Објект Дом на млади во с. Слепче за пренамена во деловни цели**

- Вкупна површина 627 м2
- Приземје 473 м2 и кат 154 м2
- Состојба: добра

Веќе користена како погон за текстилна конфекција (инвеститор од Грција)

**Објект училиште во с. Смилево за користење во деловни цели**

- Површина 576 м2
- Погодно за конфекција, но и за други намени
- Состојба: добра

**Задружен дом во с. Сопотница за користење во деловни цели**

- Површина 321 м2
- Состојба: добра

**Објект поранешна болница во Демир Хисар за користење во деловни цели**

- Вкупна површина 6,468 м2 од кои згради 1,250 м2 и двор 5,218 м2
- Состојба: добра
- Делови досега користени за производство на украсни свеќи (инвеститор од Грција)

Крушево

# Општина Крушево



# Податоци за општината

**Местоположба: северозападен дел од Пелагонискиот регион**

● Жители: 9,684
● Населени места: 18
● Површина: 205 км2
●Седиште на општината: градот Крушево

Населението во Општина Крушево се бави со туризам и угостителство, дрвна и текстилна индустрија. Дел од основата за понатамошен економски развој на општината се: автентична архитектура и местоположба, богата историја, културни настани како живиот музеј Крушево етно град, традицијата на занаетчиство и сточарство, природните убавини како туристички потенцијал и др. Крушево е градот на балканската поп ѕвезда Тоше Проески.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение на локален економски развој
Таки Кардула
Моб.: +389 75 453 702
E-mail: takuli_k@yahoo.com
www.krusevo.gov.mk



## Можности за инвестирање во Индустриска зона Крушево

- Цена од 1 евро за метар квадратен
- Површина 57 хектари
- На патот Прилеп – Крушево ( 8 км пред влезот во градот)
- Погодна за лесна индустрија

**Постои можност за искористување и пренамена на дел од постојните индустриски објекти во зоната:**
- ЕМО
- Илинденка
- НИКО ДОАГА
- поранешна кланица и магацини

*Со оглед дека овие објекти се во приватна сопственост, генерални информации се достапни во општината, додека подетални информации се достапни кај сегашните сопственици



## Можност за изградба и развој на Викенд зона Езеро

- Површина од 2.5 хектари
- Непосредна близина на вештачко езеро
- На 200 м. од меморијалниот комплекс
- На 500 м. од скијачките капацитети
- За инвеститори се нудат парцели за градба на 3 мини хотели со капацитет од по 30 легла и викенд куќи

## Можност за инвестирање во изградба и развој на Ски центар Мусица

- Површина од 420 хектари
- 7 км од Крушево
- 1,780 метри надморска висина
- Обезбеден пат, струја и урбанистички план
- Поставеноста на патеката е запад – северозапад, идеална за долго задржување на снегот

**Предвидени содржини :**

- Скијање (16 км патеки , 6 ски лифтови и 1 жичарница)
- Угостителско-туристички капацитети (хотел)
- Спорт и рекреација (лов, планинарење и сл.)
- Паркинг

## општина Кривогаштани



Кривогаштани

# Податоци за општината

**Местоположба: северен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 6,150
- Населени места: 12
- Површина: 93.7 км2
- Седиште на општината: село Кривогаштани

Главна дејност во Општина Кривогаштани е земјоделството. Главни култури кои се одгледуваат се пиперка, кромид, тутун, пченица и јачмен. Освен тоа, населението во општината се бави и со индивидуално сточарство. Општината има одлична сообраќајна поврзаност меѓу населените места во општината, како и со околните поголеми општини Прилеп, Битола, Демир Хисар и Крушево.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Сашо Цуцулоски
Тел.: +389 48 471 280
E-mail: s.cuculoski@t-home.mk





# Можности за инвестирање во Индустриска зона Славеј, Кривогаштани

- Цена од 1 евро за метар квадратен
- Површина 2.5 хектари
- На патот Прилеп – Крушево, на само 15 км до Прилеп
- Пристапност до инфраструктура: електрична енергија, вода, одвод и пречистителна станица телекомуникациски врски.

## Општината нуди постоечки објекти за адаптација и употреба во деловни цели како и можност за изградба на дополнителни објекти во непосредна близина на постоечките:

**Објект поранешна чевлара во Кривогаштани**

- 403 м2 зграда и 3,263 м2 дворно место
- Состојба: потребна минимална адаптација

**Објект поранешно училиште во село Славеј**

- 684 м2 зграда и 18,654 м2 дворно место
- Состојба: добра

**Објект училишна зграда во Кривогаштани**

- 170 м2 зграда
- Состојба: потребна минимална адаптација
- Можност за пренамена во детска градинка и за јавно приватно партнерство со приватен инвеститор кој би стопанисувал со зградата подолг период

# Општина Долнени



# Податоци за општината

**Местоположба: северен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 13,568
- Населени места: 37
- Површина: 430 км2
- Седиште на општината: село Долнени

Главна дејност во Општина Долнени е земјоделство, пред сé производство на тутун и житни култури. Населението се бави и со сточарство, рибарство, живинарство и услужни дејности. Некои ресурси врз кои може да се заснова идниот економски развој се: силна традиција на производство на тутун, големи површини на земјоделско земјиште, минерали (ископи на мермер), манастирот Зрзе и културни настани како фестивал на гајди и пеливанско борење.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Тел.: +389 48 453 343
Моб.: +389 70 208 862
E-mail:smiftar@yahoo.com
www.opstinadolneni.gov.mk



# МОЖНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ



# Можност за инвестирање во Индустриска зона Долнени

● Цена од 1 евро за метар квадратен
● Површина 5.8 хектари
● Близу патот Прилеп – Кичево и регионалниот водовод Студенчица
● Поврзаност со инфраструктура
● Погодна за соларна централа поради високата инсолација од 262 сончеви денови и соодветниот терен и ориентација
● Погодна за капацитети за преработка на земјоделски производи
● Можност за давање земјиште по исклучително поволни услови доколку инвеститорот се обврзе да гради
● Општината нуди повеќе поранешни училишни згради во добра состојба во рурални населени места на долгорочен закуп за користење во деловни цели





# Податоци за општината

**Местоположба: јужен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 3,549
- Населени места: 41
- Површина: 772 км2
- Седиште на општината: село Новаци

Главни дејности во Општина Новаци се земјоделство и сточарство. Останати дејности се рударство, енергетика и производство на минерална вода. Општината располага со следните потенцијали за инвестиции и економски развој: обработливо земјиште од 23,000 хектари, пасишта 29,000 хектари, шуми 17,000 хектари, недопрена природа во Мариовскиот регион, потенцијал за производство на енергија од сонце и ветер, потенцијал за развој на туризмот и присуство на шумски плодови.

Повеќе информации за инвестирање се достапни во:
Одделение за локален економски развој
Тел.: +389 47 203 060
E-mail: stevce.novaci@t-home.mk
www.opstinanovaci.gov.mk



# МОЖНОСТИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ



## Можности за инвестирање во Индустриска зона Новаци

- Цена од 1 евро за метар квадратен
- Површина од 9 хектари (со можност за зголемување)
- На регионалниот пат Битола - Новаци (Р 509)
- На 11 км оддалеченост од Битола и 1 км од центарот на Новаци
- Пристапност на електрична, водоводна и канализациона мрежа
- Погодна за искористување на предностите на општината во земјоделство, сточарство, агропреработувачка индустрија

## Општината нуди училишни згради во рурални места под закуп за користење за деловни цели од инвеститори

- Старавина: 700 м2, дваката, двор 2,000 м2
- Брод: 142 м2, два ката, двор 500 м2
- Гнеотино: 170 м2 и двор 4,226 м2

# општина Могила



Могила

# Податоци за општината

**Местоположба: централен дел од Пелагонискиот регион**

- Жители: 6,710
- Населени места:  23
- Површина: 250 км2
- Седиште на општината: село Могила

Главна дејност во Општина Могила е земјоделство, особено производство на житарици и полјоделски култури. Останати дејности се: сточарство, производство на сточна храна и трговија на мало. Потенцијалните инвестиции и економскиот развој во Могила можат да бидат базирани на следниве ресурси: традиција на земјоделско производство, традиција на сточарство, голем број индивидуални земјоделски производители, близината на .

Повеќе информации за инвестирање се достапни во
Одделение за локален економски развој
Гордана Стефановска Лозановска
Тел.:     +389 47 296 360
E-mail:gorloz@hotmail.com
www.mogila.gov.mk





## Можности за инвестирање во Индустриска зона Петилеп

- Цена од 1 евро за метар квадратен
- Површина од 17 хектари
- Близу патот Битола – Прилеп
- Пристапност на инфраструктура: пат, енергија, вода

## Можност за користење на објект Дом на култура во деловни цели од инвеститори

- Површина 200 м2
- Во с. Добрушево
- Релативно нов објект, граден 2002 г.



# ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА И ПОДДРШКА НА БИЗНИС АКТИВНОСТИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за локална самоуправа

БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
BUREAU FOR REGIONAL DEVELOPMENT

ул. ,,Томаки Димитровски” бр.7, 7000 Битола
Република Македонија
Тел. +389 47 232 800
Факс. +389 47 203 818
www.pelagonijabiznis.mk

**„ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН"**

**Издава:**
Центар за развој на Пелагонискиот плански регион

**За издавачот:**
Емилиа Ѓероска - Раководител

**Подготвил:**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Ликовно-графичко уредување:**
Бојан Бојкоски

**Лектура на Македонски јазик:**
Лазар Неданоски

**Превод и лектура на Англиски јазик:**
Глигор Михаиловски

**Превод и лектура на Албански јазик:**
Ермира Кучлар

**Превод и лектура на Грчки јазик:**
Димитри Иоану

**Печат:** ГРАФОПРОМ

**Тираж:** 2500